MKT_GENERAL_ALL

2019000717464

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за електронски комуникации-Скопје
Број 01-22078/1 4
Дата 08-04-2019

# ОФИЦИЈАЛНИ ПРАВИЛА НА НАГРАДНАТА ИГРА „СО Е-СМЕТКА ДО HUAWEI СМАРТФОН"

## ЧЛЕН 1. ОРГАНИЗАТОР

1.Организатор на Наградната игра „СО Е-СМЕТКА ДО HUAWEI СМАРТФОН" (понатаму именувана само како Наградна игра) е Акционерско друштво Македонски Телеком АД – Скопје (во понатамошниот текст: Македонски Телеком), со седиште на Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, претставувано од Никола Љушев, Главен извршен директор (во понатамошниот текст: Организатор). Организаторот ќе ја организира Наградната игра во согласност со овие Официјални правила на Наградната игра (во понатамошниот текст: Официјални правила).

## ЧЛЕН 2. ОПИС И ИМЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

2.1. Официјалното име на Наградната игра е „СО Е-СМЕТКА ДО HUAWEI СМАРТФОН".

2.2. Наградната игра „СО Е-СМЕТКА ДО HUAWEI СМАРТФОН" е игра на среќа наменета за приватните постпејд корисници на Македонски Телеком. Предуслов за учество во Наградната игра е корисникот да има активна Е-сметка, односно својата сметка да не ја прима во хартиена форма. Ако на денот на извлекувањето учесникот има активна Е-сметка, тогаш има можност за добивка на некоја од наградите во согласност со овие Официјални правила. Сите учесници кои ќе се вклучат во Наградната игра учествуваат во извлекувањето на наградите во рамки на еден циклус. Учесниците кои ја имаат платено сметката во рамките на циклусот на електронски начин добиваат двојно учество и имаат двојна шанса за освојување на награда. Добитниците на наградите се извлекуваат софтверски, по случаен избор.

## ЧЛЕН 3. ТЕРИТОРИЈА

Наградната игра ќе се организира и ќе се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија и ќе биде достапна единствено за корисниците на Македонски Телеком.

## ЧЛЕН 4. ЦЕЛ

Наградна игра се приредува заради рекламирање на услугите кои ги обезбедува Македонски Телеком на своите корисници, односно услугата за користење на Е-сметка и каналите за елетронско плаќање (мобилната апликација Telekom MK, мобилната апликација mWallet, порталот Мој Телеком и страницата Плати онлајн). Наградната игра ќе се рекламира во електронските (интернет) и социјални медиуми, како и во продажните салони на Македонски Телеком.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ • IV • СКОПЈЕ

## ЧЛЕН 5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА НАГРАДНАТА ИГРА

Наградната игра ќе започне од 01.05.2019 година и ќе трае до 30.06.2019 година.

## ЧЛЕН 6. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество во Наградната игра имаат сите деловно способни лица, постари од 18 години, кои имаат активна Е-сметка и се корисници на услугите на Македонски Телеком. Вработените во Македонски Телеком, како и членовите на нивното потесно семејство, немаат право на учество во Наградната игра.

## ЧЛЕН 7. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО НАГРАДНАТА ИГРА

7.1. Учесник во Наградната игра е секој корисник на услугите на Македонски Телеком кој ги исполнува условите од член 6 од овие Официјални правила и којшто во периодот на времетраењето на Наградната игра ги исполнува следните услови:

- Корисникот има активна Е-сметка на денот на извлекувањето,
- Дополнително, за двојна шанса за добивка, корисникот има електронски платено сметка.

## ЧЛЕН 8. МЕХАНИЗАМ НА НАГРАДНАТА ИГРА

8.1. Секој корисник кој има активна Е-сметка или кој активирал Е-сметка за време на траењето на циклусот (заклучно со последниот ден од циклусот) е учесник во Наградната игра. Дополнително, оние корисници кои активирале Е-сметка и во текот на циклусот ја платат електронски својата сметка, добиваат двојна шанса за добивка.

8.2. Начин на игра:

- Во Наградната игра учествуваат сите приватни постпејд корисници кои имаат активна Е-сметка.
- Секој корисник кој има активна Е-сметка во рамки на еден циклус учествува за една од наградите во рамките на циклусот во кој се има најавено.
- Секој корисник кој има активна Е-сметка е учесник во секој од циклусите и со тоа станува потенцијален добитник на една од наградите.
- Извлекувањето на наградите ќе се извршува периодично, во 2 циклуси, на подолу наведените датуми. Во секој циклус на извлекување влегуваат сите корисници на Е-сметка заклучно со последниот ден од циклусот, со исклучок на оние кои веќе биле наградени во првиот циклус на извлекување во рамките на оваа наградна игра. За секој циклус на извлекување, ќе се извлекуваат онолку добитници колку има дефинирано награди за дадениот циклус, како што е дефинирано во табелата подолу како и по двајца резервни добитници дефинирано во член 10.7:

| ЦИКЛУС | ПЕРИОД | БРОЈ НА ДОБИТНИЦИ | НАГРАДИ |
|---|---|---|---|
| I | 01.05.2019-00:00:00<br>31.05.2019 -23:59:59 | 15 (петнаесет) | Мобилни телефони<br>1 x Huawei P30<br>4 x Huawei P Smart 2019<br>10 x Huawei Y6 2019 |
| II | 01.06.2019 - 00:00:00<br>30.06.2019 - 23:59:59 | 15 (петнаесет) | Мобилни телефони<br>1 x Huawei P30<br>4 x Huawei P Smart 2019<br>10 x Huawei Y6 2019 |

8.3. Секој учесник може да освои најмногу една награда во текот на целата Наградна игра. Во случај кога некој учесник освоил награда во првиот циклус, тој не може повторно да освои награда за наредниот циклус.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ • IV • СКОПЈЕ

## ЧЛЕН 9. НАГРАДЕН ФОНД

9.1. Во Наградната игра ќе бидат доделени следниве награди:

| ОПИС | ВРЕДНОСТ НА НАГРАДАТА БЕЗ ДДВ | ВРЕДНОСТ НА НАГРАДАТА СО ДДВ | КОЛ. | ВКУПНА ВРЕДНОСТ БЕЗ ДДВ | ВКУПНА ВРЕДНОСТ СО ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| Мобилен телефон Huawei P30 | 34.620 денари | 40.852 денари | 2 | 69.240 денари | 81.703 денари |
| Мобилен телефон Huawei P Smart 2019 | 12.215 денари | 14.414 денари | 8 | 97.720 денари | 115.310 денари |
| Мобилен телефон Huawei Y6 2019 | 7.687 денари | 9.071 денари | 20 | 153.740 денари | 181.413 денари |
| **ВКУПЕН НАГРАДЕН ФОНД** | **54.522 денари** | **64.336 денари** | **30** | **320.700 денари** | **378.426 денари** |

* Одговорноста за исправноста на уредите, како и гаранцијата паѓа на товар на добавувачот на уредите, согласно гарантното писмо кое доаѓа со секој уред.

9.2. Вкупниот награден фонд изнесува  денари (320.700 денари без ДДВ/378.426 денари со ДДВ).

9.3. Количината на наградите од Наградната игра е ограничена и во никој случај нема да бидат доделени повеќе награди од оние коишто се претходно определени. Нема да постои замена на наградите со други парични награди или други типови награди од иста вредност.

9.4. Наградниот фонд е обезбеден од страна на Македонски Телеком.

## ЧЛЕН 10. ИЗВЛЕКУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

10.1. Добитниците на наградите се извлекуваат во просториите на Македонски Телеком АД Скопје на адреса Кеј 13 Ноември бр. 6, 1000 Скопје, со помош на специјален софтвер обезбеден од Македонски Телеком, кој по случаен избор го избира добитникот на наградата од месечните циклуси.

10.2. Извлекувањето наградa од еден циклус се врши од листа составена од сите учесници кои имаат активна Е-сметка, заклучно со последниот ден од циклусот. Дополнително, се прави проверка дали добитниците имаат активна Е-сметка на денот на извлекувањето.

10.4. Извлекувањето на наградите ќе се врши во рок од една работна недела после завршување на соодветниот циклус: 7ми јуни (петок) и 8ми јули (понеделник).

10.6. Сите извлекувања наведени во член 9 од овие Официјални правила ќе се вршат од 10.00 до 11.00 часот.

10.7. При секое извлекување награда, покрај првоизвлечениот добитник, ќе се извлекуваат и двајца резервни добитници. Извлекувањето на наградите, односно определувањето на добитниците и резервните добитници го контролира Комисија составена од 2 (двајца) претставници од Организаторот.

10.8. За секое извршено извлекување ќе се состави записник кој ќе биде потпишан од членовите на Комисијата во кој ќе бидат наведени телефонскиот број на извлечениот добитник и добиената награда, како и телефонските броеви на резервните добитници.

## ЧЛЕН 11. ОБЈАВУВАЊЕ НА ДОБИТНИЦИТЕ, ИЗВЕСТУВАЊЕ И ПОДИГНУВАЊЕ НА НАГРАДИТЕ

11.1. Личните податоци (име и презиме), телефонските броеви на добитниците на наградите (во формат 07X XXX XYY или 02/ XXXX XYY) и ќе бидат објавувани на интернет страницата www.telekom.mk, најдоцна во рок од 3 (три) дена од денот кога е извршено извлекувањето на соодветната награда, по претходно обезбедена изречна согласност за обработка на личните податоци на добитникот (име и презиме, адреса, ЕМБГ и телефонски број) исклучиво за целите на наградната игра.

11.2. Македонски Телеком е должен да го контактира секој учесник кој освоил награда преку јавување на бројот или испраќање на e-mail преку кој учесникот ја добива својата Е-сметка и партиципирал во Наградната игра, со цел да го извести за наградата, за потребата од обезбедување на согласност за да биде објавен како добитник на интернет страницата www.telekom.mk и начинот како да ја подигне наградата. При ваквиот контакт, соодветниот учесник – добитник на награда, да се легитимира со важечки документ за идентификација, заради објавување и доделување на освоената награда.

11.3. Добитникот има право да ја подигне наградата по истекот на рокот за приговор (член 14), а најдоцна во рок од 60 (шеесет) дена од денот на објавување на добитникот.

11.4. За да ја подигне својата награда, добитникот на наградата мора да ги исполнува сите услови наведени во овие Официјални правила, како и:

- Да се легитимира со важечка лична карта, или со нотарски заверено полномошно, како и важечка лична карта на ополномоштеното лице во случај кога наградата ја прима полномошник во замена за добитникот - физичко лице.

11.5. Подигнувањето на наградата се потврдува со потпишување записник меѓу добитникот и претставникот на Организаторот, а по доставувањето на документите согласно претходната точка 11.4., секоја од наградите ќе се подига во просториите на Македонски Телеком.

11.6. Секоја освоена награда, на добитниците ќе им биде врачена од страна на Македонски Телеком, само доколку таа биде подигната лично од добитникот или преку лице овластено од добитникот со заверено полномошно. Доделување награда на каков било друг начин или на друго лице не е дозволено.

11.7. Добитникот на наградата го губи правото да ја добие соодветната награда во случај ако:

- Се откаже од примањето на наградата во писмена форма;
- Не е достапен за контакт во рокот утврден во член 11.2. од овие Официјални правила;
- Пред подигањето на наградата телефонскиот број преку кој учествувал во Наградната игра е привремено или целосно деактивиран; или
- Во предвидениот рок за доделување на наградата не ги достави потребните информации и документи согласно точките 11.2. и 11.4. од овој член, кои се неопходни за доделување на наградата.

11.8. Ако во рамките на утврдените рокови и согласно правилата утврдени погоре не се додели наградата на извлечениот добитник, дополнително ќе се повика првиот резервен добитник. Доколку и тој не ги исполнува условите или не ја подигне наградата во дадените рокови, согласно условите и правилата на Наградната игра, ќе се повика вториот резервен добитник. Доколку и вториот резервен добитник не ги исполнува условите или не ја подигне

наградата во дадените рокови согласно условите и правилата на Наградната игра, Организаторот нема да врши повторно извлекување нов добитник и наградата ќе остане недоделена.

### ЧЛЕН 12: ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

12.1 Организаторот на наградната игра се обврзува личните податоци на учесниците во наградна игра да ги обработува во согласност со важечките прописи за заштита на лични податоци.

12.2 Организаторот ќе ги преземе сите потребни технички и организациски мерки за обезбедување на тајност и сигурност при обработката на личните податоци на учесниците во наградната игра.

12.3 Личните податоци кои се собрани во текот на траењето на наградната игра, се обработуваат правично, врз основа на согласност на учесникот во наградната игра, во обем кој што е потребен за целите на наградната игра. Истите се користат единствено за целите на наградната игра и не може да се користат за ниту една друга цел.

12.4 По престанокот на целта заради која се собрани личните податоци, односно по престанокот на наградната игра, истите ќе бидат избришани односно уништени.

### ЧЛЕН 13. ОДГОВОРНОСТ

13.1. Учесникот разбира и се согласува дека учествува во Наградната игра по своја сопствена волја и на свој сопствен ризик и трошок.

13.2. Организаторот нема никаква одговорност пред учесниците чиј телефонски број бил неовластено искористен за учество во наградната игра од страна на трето лице.

13.3. Организаторот нема никаква одговорност за какво било технички проблеми, доцнење во трансмисија или дефект во комуникациска линија во текот на траењето на Наградната игра.

13.4. Организаторот не дава гаранција на кој било учесник дека ќе биде добитник на награда без оглед на бројот на активации на иста Е-сметка и на бројот на плаќања на сметки по електронски пат за време на циклусите во член 8.

13.5. Организаторот не одговара во случај кога награда не може да биде доделена или искористена поради:

- Неможност добитникот или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови;
- Околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или секакви други околности кои се надвор од негова контрола.

### ЧЛЕН 14. ПРИГОВОРИ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЕВЕНТУАЛНИ СПОРОВИ

14.1. Во случај на несогласување, учесникот може да поднесе приговор до Македонски Телеком, во рок од 5 (пет) дена од денот на објавувањето на добитниците на наградите и тоа на адреса на деловните простории на Македонски Телеком.

14.2. Македонски Телеком е должен да одлучи по приговорот во рок од 5 (пет) дена од денот на приемот на приговорот и за тоа писмено да го извести учесникот.

14.3. Евентуалните недоразбирања ќе се решаваат во духот на добрите обичаи и спогодбено, а во случај на спорот ќе биде решен во согласност со важечките закони на Република Северна Македонија и пред надлежните судови во Скопје.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV

### ЧЛЕН 15. ЗАМЕНИ И ОДГОВОРНОСТ КОН НАГРАДИТЕ

15.1. Учесниците во Наградната игра немаат право да бараат награди во поголема вредност или од различен вид од назначените во Официјалните правила од страна на Организаторот. Замена на наградите со други предмети или други противвредности не е дозволена. Во ниту еден случај нема да биде доделен поголем број награди од назначениот.

### ЧЛЕН 16. ДОПОЛНИТЕЛНИ ОДРЕДБИ

16.1. За учество во јавни настапи на организаторот со промотивен карактер во врска со врачување на наградите, потребна е дополнителна согласност од секој добитник. За учеството во ваквите јавни настапи, добитниците немаат право на дополнителен надомест.

16.2. Информации во врска со Наградната игра и Официјалните правила на Наградната игра може да се добијат на интернет страницата www.telekom.mk.

16.3. Овие Официјални правила влегуваат во сила од денот на нивното објавување на интернет страницата Македонски Телеком и ќе бидат објавени на неа 1 (еден) ден пред почетокот на Наградната игра, по претходно добиено одобрение од Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Потпишано за и во име на
Македонски Телеком

Датум:

МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ
Акционерско друштво за
електронски комуникации-Скопје
Кеј 13-ти Ноември 6
1000 Скопје

Никола Љушев,
Главен извршен директор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
IV
СКОПЈЕ